# КОПНЕЖ ЗА 100% ЖИВОТ

Секој човек копнее по ова или она,
но сите всушност бараме исполнет живот.

ПАРИ СЛАВА

# ШТО ТЕ ИСПОЛНУВА?

ЉУБОВ КАРИЕРА ЗАБАВА

# ДАЛИ СРЦЕТО ТИ Е ПОЛНО?

## ИСУС НУДИ МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ТОА.

(Цитатите дадени во оваа книшка



Тој вели:

**„ЈАС ДОЈДОВ ЗА ДА ИМААТ ЖИВОТ И ДА ГО ИМААТ ВО ИЗОБИЛИЕ“**

(Јован 10:10)

Еве четири вистини, што Библијата ги кажува за нас и нашиот живот.

# Дали знаеш дека...

## 1 БОГ ТЕ ЉУБИ И ЗА ТВОЈОТ ЖИВОТ ИМА ПРЕКРАСНА ЗАМИСЛА.

секогаш, кога е можно, треба да се читаат во контекстот на Библијата).

### Божјата љубов

**„Зашто Бог толку го засака светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој кој верува во Него да не загине туку да има вечен живот.“**

(Јован 3:16)



### Божјата замисла

**„Зашто Јас ги знам Своите замисли за тоа што имам намера со вас - зборува Господ - замисли за мир, а не за несреќа: да ви дадам иднина и надеж.“**

(Еремија 29:11)

## ЗОШТО ЛУЃЕТО НЕ ЈА ИСКУСУВААТ БОЖЈАТА ЉУБОВ И НЕГОВАТА ЗАМИСЛА ЗА НИВНИТЕ ЖИВОТИ?

# 2 ЧОВЕКОТ Е ГРЕШЕН и одвоен од Бог.

## ЗАТОА ТОЈ НЕ МОЖЕ да ги знае и доживее

## БОЖЈАТА ЉУБОВ и замисла за својот живот.

## Човекот е грешен

**„Зашто сите згрешија и лишени се од Божјата слава.“**

(Римјаните 3:23)

Човекот беше создаден за да има заедништво со Бог, но поради својата тврдоглава себичност, тој избра да живее на свој начин, па заедништвото со Бог беше прекинато. Таа себичност која се карактеризира со активно бунтовништво или со пасивна незаинтересираност, е доказ за она што Библијата го нарекува **грев.**



# Човекот е одвоен од Бог

**„Зашто заслуженото за гревот е смрт“**
(духовна одвоеност од Бог) (Римјаните 6:23)




Оваа илустрација покажува
дека Бог е Свет,
а човекот е грешен.
Одвоени се со голема бездна.

Стрелките ни илустрираат
дека човекот постојано,
со сопствени сили,
настојува да дојде до Бог
и до 100% живот,
како на пример, со добар
живот, филозофија
или религија, но сите
негови напори
се безуспешни.



ЗНАЧИ,
ОВА Е ПРОБЛЕМОТ:
**НАШИОТ ГРЕВ**
НÈ ОДВОЈУВА ОД БОГ.

## КОЕ Е РЕШЕНИЕТО?

# 3 ИСУС ХРИСТОС
## Е ЕДИНСТВЕНОТО БОЖЈО РЕШЕНИЕ ЗА ЧОВЕКОВИОТ ГРЕВ.
## Преку Него можеш да ги ПРЕПОЗНАЕШ И ДОЖИВЕЕШ БОЖЈАТА ЉУБОВ И ЗАМИСЛА ЗА ТВОЈОТ ЖИВОТ.

## Тој умре наместо нас

**„Но Бог ја покажува Својата љубов спрема нас, со тоа што Христос умре за нас додека уште бевме грешници.“**
(Римјани 5:8)

## Исус воскресна од мртвите

**„Христос умре за нашите гревови,...беше погребан и дека воскресна на третиот ден, според Писмата; ...му се јави на Петар, а потоа и на дванаесеттемина. Потоа им се јави едновремено на повеќе од петстотини браќа...“**
(1 Коринтјани 15:3-6)



# Тој е единствениот пат до Бог



Исус вели:

**„Јас сум Патот,
Вистината и Животот.
Никој не доаѓа кај Таткото,
освен преку Мене."**
(Јован 14:6)




**Оваа илустрација ни покажува дека Бог ја премости бездната која нé одвојува од Него со тоа што Го испрати Својот Син, Исус Христос, да умре на крст наместо нас, за да ја плати казната за нашите гревови.**



НЕ Е ДОВОЛНО САМО
**да се знаат овие**
**БИБЛИСКИ**
**ВИСТИНИ...**

# 4 МОРАМЕ ЛИЧНО ДА ГО ПРИМИМЕ ИСУС ХРИСТОС КАКО ГОСПОД И СПАСИТЕЛ.

## Само тогаш ќе можеме да ги препознаеме и доживееме БОЖЈАТА ЉУБОВ И ЗАМИСЛА ЗА НАШИТЕ ЖИВОТИ.

### Мораме да Го примиме Исус во своите срца

**„А на сите што го примија, им даде право да станат Божји деца - на оние кои веруваат во Неговото име."**
(Јован 1:12)

### Ние Христос Го примаме преку вера



**„Зашто по благодат сте спасени, преку вера, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! Не е од делата, за да не се фали некој."**
(Ефешаните 2:8, 9)

### Христос Го примаме преку лична покана како свој Господ и Спасител

**Исус вели: „Еве, стојам пред вратата и чукам: ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај Него."**
(Откровение 3:20)



# Што значи да го примиш Христос?

- Свртување од себичност кон Бог (покајание)
- Доверба во Неговото ветување дека ќе влезе во нашите животи, ќе ни ги прости гревовите и ќе нѐ направи според Неговата замисла.

Не е доволно само со разумот да разбереме и да се согласиме дека Исус Христос е Божјиот Син и дека умрел на крст поради нашите гревови. Не е доволно ни да имаме некое емоционално доживување. Ние Христос Го примаме преку вера, како дело на нашата волја.

Овие два круга претставуваат два различни вида на животи:

ЖИВОТ НАСОЧЕН КОН СЕБЕСИ

J - Јас сум на престолот
- Христос е надвор од животот
- Интересите се водени од себичноста, која често води до безредие и фрустрации.

ЖИВОТ НАСОЧЕН КОН ХРИСТОС

- Христос е во животот и на престолот

J - Јас сум Му потчинет на Христос
- Интересите се насочувани од Христос и водат кон согласност со Божјата замисла.





Кој круг најдобро го претставува твојот живот?
А кој круг би сакал да го претставува твојот живот?

ТИ МОЖЕШ ДА ДОНЕСЕШ ОДЛУКА
## ДА ГО ПРИМИШ ХРИСТОС.
## еве како да го направиш тоа...

# ИСУС ХРИСТОС
## МОЖЕШ ДА ГО ПРИМИШ СО ВЕРА
# ПРЕКУ МОЛИТВА
## УШТЕ ВЕДНАШ.

(Молитвата е разговор со Бог)

Бог го познава
твоето срце и за Него
поважен е ставот на срцето,
отколку твоите зборови. Подолу е даден предлог
како да се молиш:

„Господе Исусе, ми требаш. Јас сум грешен.
Те молам прости ми ги моите гревови. Ти благодарам што умре
на крстот, ја плати казната за мојот грев и ми прости.
Спремен сум со Твоја помош да се одвратам од моите
гревови. Ја отворам вратата на моето срце
и Те примам како мој Господ и Спасител.
Преземи ја контролата над мојот живот
и направи ме онаков каков што сакаш
да бидам. Ти благодарам што
ми подари вечен живот.

**Амин.“**

## Дали оваа молитва го изразува копнежот на твоето срце?

# Како ќе знаеш дека Исус е во твојот живот?

## Дали го покани Христос да влезе во твојот живот?

Според Неговото ветување запишано во Откровение 3:20, каде е Исус сега во однос на тебе? Христос рече дека ќе влезе во твојот живот.

## Дали би те излажал?

Врз основа на што можеш да бидеш сигурен **дека Бог одговорил на твојата молитва?** Врз основа на веродостојноста на Самиот Бог и Неговиот Збор.

## Библијата му ветува вечен живот на секој кој го прима Христос

**„А еве го сведоштвото: Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во Неговиот Син. Кој го има Синот, го има тој живот; кој Го нема Божјиот Син, го нема тој живот. Ова ви го напишав вам кои верувате во името на Божјиот Син, за да знаете дека имате вечен живот.“** (1 Јован 5:11-13)



**Честопати благодари Му на Бог затоа што Христос е во твојот живот и затоа што нема никогаш да те напушти** (Евреи 13:5).

Врз основа на Божјото ветување можеш да бидеш сигурен дека Христос живее во тебе и дека имаш вечен живот од самиот момент кога си го поканил да влезе. Тој нема да те измами.

## Важно потсетување...

# Не се потпирај врз чувствата

Ветувањето дадено во Божјиот Збор - Библијата треба да е нашиот авторитет, а не нашите чувства. Христијанинот живее со вера (доверба) во веродстојноста на Самиот Бог и на Божјиот Збор.



Овој воз го прикажува односот меѓу фактот (Бог и Неговиот Збор), верата (нашата доверба во Бог и Неговиот Збор) и чувствата (резултат на нашата вера и послушност).
(читај Јован 14:21)




**Како што е неопходно возот** да е влечен од локомотивата, исто така неопходно **е Христијанинот** да ја заснова својата вера **на Божјиот Збор,** а не на **чувства** кои секојдневно можат да се менуваат.



# Сега, откако си го прифатил Христос...

**Во моментот кога преку вера, доброволно, Го прифати Христос, многу работи се случија, вклучувајќи го и следново:**

1. **Исус влезе во твојот живот** (Откровение 3:20; Колошани 1:27).

2. **Твоите гревови се простени** (Колошани 1:14).

3. **Доживеа новораѓање** (Јован 3:1-8).

4. **Ти стана Божјо дете** (Јован 1:12).

5. **Прими вечен живот** (Јован 5:24).

6. **За тебе започна нова авантура заради која Бог те создал** (Јован 10:10; 2 Коринтјани 5:17; 1 Солунците 5:18).

**Зарем има нешто поубаво што би можело да ти се случи од тоа што Христос влезе во твојот живот? Сакаш ли сега, преку молитва, да Му благодариш на Бог за сè што сторил за тебе?**

Благодарејќи Му, ти ја искажуваш својата вера.

А, за да уживаш целосно во новиот живот, следуваат...

# ПРЕДЛОЗИ ЗА ХРИСТИЈАНСКИ РАСТЕЖ



## Духовниот растеж е резултат на верата во Исус Христос.

**„Праведикот ќе живее преку вера“** (Галатјани 3:11).

Животот исполнет со вера ќе ти овозможи сѐ повеќе да му веруваш на Бог во секој детал од својот живот и да ги применуваш следниве работи:

**Разговарај со Бог секојдневно преку молитва** (Јован 15:7).

**Акумулирај го Божјиот Збор секојдневно** (Дела 17:11) (можеш да почнеш со Евангелието според Јован).

**Слушај го Бог секогаш** (Јован 14:21).

**Твојот живот и твоите зборови нека сведочат за Христос** (Матеј 4:19; Јован 15:8).

**Единствено во Бог имај доверба за сѐ во твојот живот** (1 Петрово 5:7).

**Живеј под раководство на Светиот Дух и дозволи Му да ти даде сила за сведочење** (Дела 1:8; Галатјани 5:16, 17).

# Заедништво со други Христијани за 100% живот





**Божјиот Збор нè поттикнува да не го занемаруваме заедништвото со другите верници** (Евреи 10:25).

Повеќе жарчиња заедно горат ПОСИЛНО, но ако ставиш едно настрана, на ладно, ќе изгасне. Истото важи и за Христијаните.

Од оваа причина ти препорачуваме да најдеш заедништво во некоја локална библиска црква.

(каде што Христос се прославува и каде што се проповеда Неговиот Збор).

